A-PDF Image To PDF Demo. Purchase from www.A-PDF.com to remove the watermark

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ЗРНОВЦИ
Бр. 08-327/1
28.04.2016 год.
ЗРНОВЦИ

# З А П И С Н И К бр.35

Од одржаната 35-та редовна седница на Советот на општина Зрновци на ден 29.03.2016 година со почеток во 13:30 часот.На седницата беа присутни 7 (седум) советници.Отсуството на Венцо Стојков беше најавено на претседателот на Совет Благој Николов Председателот на Советот Благој Николов за оваа седница го предложи следниот

## ДНЕВЕН РЕД

1.Усвојување на Записник од 34 -тата седница на Советот на општина Зрновци.

2.Одлука за усвојување на Извештај за финансиско работење на КЈП,,Водна кула,,Зрновци за период 01.01.2015до 31.12.2015 година

3.Предлог -Одлука за Овластување на КЈП,,Водна кула,, за управител на гробиштата во с.Зрновци ,с.Мородвис и с.Видовиште

4. Предлог-Одлука за Овластување на КЈП,,Водна кула,, да склучува договори со економски оператори кои вршат погребални услуги поради користење на постојаната инфраструктура.

5. Предлог-Одлука за Овластување на КЈП,,Водна кула,,за склучување на договори со каменорезци- споменичари.

6. Предлог-Одлука за Овластување на КЈП,,Водна кула,,за издавање на одобрение за погреб .

7.Извештај за работење на Градежниот инспектор за 2015 година

8.Извештај за работење на Комуналниот редар за период 01.07.2015 до 31.12.2015 година

9.Одлука за давање на приоритет за реализација на проект ,,Пристапен пат до земјоделско земјиште во атарот на с.Зрновци - м.в,,БАрбареа вада ,,општина Зрновци согласно Јавниот повик од Агенцијата за рурален развој .

10.согласност за намената на инвестицијата за реализација на проект,,Пристапен пат до земјоделско земјиште во атарот на с.Зрновци - м.в ,,Барбареа вада,,општина Зрновци ,согласно Јавниот повика од Агенцијата за рурален развој .

11.Разно

Бидејки никој не се јави за збор Дневниот ред со седум гласа за беше усвоен.

## ТЕК НА СЕДНИЦА

1.Усвојување на Записник од 32 -та седница на Советот на општина Зрновци.

Претседателот на Совет отвори дискусија по записникот од 34-тата седница . Бидејки никој не се јави за збор истиот беше усвоен со седум гласа за .

2. Одлука за усвојување на Извештај за финансиско работење на КЈП,,Водна кула,,Зрновци за период 01.01.2015до 31.12.2015 година

За збор се јави Васко Горгиев дирецтор на КЈП„Водна кула„ кој на советниците им го образлози извештајот кој претходно им бесе доставен со работните материјали во писмена форма .

За збор се јави Зоран Алексов книговодител на КЈП„Водна кула„кој го образложИ зголемувањето на добивката на КЈП„Водна кула„како резултат на зголемување на ценатa на водата И намалување на тековните тросоци од 7 % во работењето на КЈП„Водна кула„.

Бидејки никој повеке не се јави за збор со 7 (седум )гласа за извештајот беше усвоен.

**3**. Предлог -Одлука за Овластување на КЈП„Водна кула„ за управител на гробиштата во с.Зрновци ,с.Мородвис и с.Видовиште

За збор се јави Коце Михајлов И праша во чија сопственост е земјиштето каде се лоцирани гробиштата во Зрновци.

За збор се јави Методи Николов кој одговори дека земјиштето е во сопственост на РМ а корисник на истото е општина Зрновци која корисничкото право го пренесува на КЈП„Водна кула„

За збор се јави Владо Ристов И праша дали со оваа нова надлежност на КјП„Водна кула „граганите на општина Зрновци ке бидат додатно финансиски оптеретени .

За збор се јави Методи Николов И рече дека со текот на работата ке се види дали ке има потреба од додатни сретсва за спроведување на оваа надлежност на КЈП„Вода кула„.

Бидејки никој не се јави за збор со 7 (седум) гласа за оваа точка беше усвоена .

**4**. Предлог-Одлука за Овластување на КЈП„Водна кула„ да склучува договори со економски оператори кои вршат погребални услуги поради користење на постојаната инфраструктура.

Бидејки никој не се јави за збор со 7 (седум) гласа за оваа точка беше усвоена .

**5**. Предлог-Одлука за Овластување на КЈП„Водна кула„за склучување на договори со каменорезци- споменичари.

Бидејки никој не се јави за збор со 7 (седум) гласа за оваа точка беше усвоена .

**6.** Предлог-Одлука за Овластување на КЈП„Водна кула„за издавање на одобрение за погреб .

Бидејки никој не се јави за збор со 7 (седум) гласа за оваа точка беше усвоена .

**7**.Извештај за работење на Градежниот инспецтор за 2015 година

За збор се јави претседателот на Совет И го прочита извештајот доставен до Советот од Владимир Анастасов (градезен инспектор).

Бидејки никој не се јави за збор со 7 (седум) гласа за оваа точка беше усвоена .

**8**.Извештај за работење на Комуналниот редар за период 01.07.2015 до 31.12.2015 година

За збор се јави претседателот на Совет на општина Зрновци Благој Николов и на советниците го прочите извештајот доставен од Симона Коцева(комунален редар) во материјалите за работа на советот за оваа седница .

За збор се јави Коце Михајлов и праша дали во населените места уште постојат полски тоалети и како постапува комуналниот редар во такви случаеви.

За збор се јави Симона Коцева и образложи дека доколку постојат такви тоалети а не се одржуваат соодветно граганите можат да пријават во канцеларијата на комуналниот редар кој ке излезе на терен по пријавата И ке постапи по истата .

За збор се јави Мирко Горгиев и праша до каде е проблемот со губрето во с.Мородвис.

За збор се јави симона Гоцева и го повика Мирко Горгиев да потполни пријава и таа ке излезе на терен и ке постапи по пријавата .

За збор се јави Благој Николов кој предложи комуналниот редар да казни некој граганин за нарушување на комуналниот ред и така ке постигне позетивен ефект врз другите грагани и ке се намали прекшувањето на комуналниот ред во општината.

За збор се јави Владо Ристов кој предложИ да се разговара со директорката на ОУ„Синиша Стоилов „да се обрне внимание на децата во училиштето да не фрлаат отпад за во јазот кој минува покрај училиштето.

За збор се јави Верица Иванова И побара од комуналниот редар да преземе нешто со губрето кое се изнесува од живинарската фарма на Мотекс 96.

Бидејки никој не се јави за збор со 7 (седум) гласа за беше усвоен извештајот на ккомуналниот редар .

**9**.Одлука за давање на приоритет за реализација на проект „Пристапен пат до земјоделско земјиште во атарот на с.Зрновци - м.в„БАрбареа вада „општина Зрновци согласно Јавниот повик од Агенцијата за рурален развој .

Бидејки никој не се јави за збор со 7 (седум) гласа за оваа точка беше усвоена .

**10**.Согласност за намената на инвестицијата за реализација на проект„Пристапен пат до земјоделско земјиште во атарот на с.Зрновци - м.в „Барбареа вада„општина Зрновци ,согласно Јавниот повика од Агенцијата за рурален развој .

**11**.Разно

За збор се јави Методи Николов и на советниците ги образложи материјалите доставени од Центарот за развој на Источно плански регион кои треба да ги разгледа совето и да донесе:

-Одлука за усвојување на Годишен Извештај за работењето на Центарот за развој на Источен плански регион за 2015 година донесена од страна на Советот за развој на Источен плански регион.

-Одлука за усвојување на Годишниот извештај за спроведување на Програмата за развој на Источниот плански регион 2015-2019 година.

Претседателот на Совет Благој Николов предложи на советниците да се усвојат овие две одлуки.

Бидејки никој повеке не се јави за збор со 6(шест) гласа за и 1(еден) против овој Извештај беше усвоен.

За збор се јави Благој Николов и на советниците и го прочита барањето доставено до советот од лицето Милица Трпевска да и се помогне со средства за издавање на збирка песни .

Благој Николов предложи на советниците ова барање да го достават до градоначалникот и во зависност од можностите на општината да и се одговори на нејзиното барање .

Бидејки никој повеке не се јави за збор седницата беше завршена во 14:40 часот.

Записничар
Кристиан Савев

Претседател на Совет
Благој Николов